**20260300451**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 52 став (2) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се пропишуваат обуките за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2026 година.

Член 2

Обуките за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2026 година се од следните подрачја, потподрачја и теми за обука, и тоа:

I. ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

1. ПОДРАЧЈЕ: Работа со учениците

Потподрачје: Поддршка на учениците во учењето

Тема:

- Работа со ученици со различни образовни и развојни потреби

Потподрачје: Следење и поддршка на развојот на учениците

Теми:

- Превенција и интервенција при ризични и проблематични однесувања кај учениците
- Унапредување на благосостојбата и психо-социјалниот развој на учениците

Потподрачје: Професионална и кариерна ориентација на учениците

Тема:

- Напредна обука за методи, техники и инструменти за советување и професионална ориентација на учениците (приоритетна програма).

2. ПОДРАЧЈЕ: Работа со наставниците

Потподрачје: Поддршка на наставниците во работата со учениците

Тема:

- Поддршка на наставниците за различните потреби на учениците.

3. ПОДРАЧЈЕ: Работа со родителите

Потподрачје: Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите

Тема:

- Индивидуално и групно советување на родителите за учењето, однесувањето и развојот на учениците

Потподрачје: Едукација на родителите

Тема:

- Поддршка на родителите за превенција и справување со насилство и дигитални ризици.

4. ПОДРАЧЈЕ: Соработка со заедницата

Потподрачје: Соработка со стручни институции и организации

Тема:

- Вмрежување со институции и организации од локалната заедница.

5. ПОДРАЧЈЕ: Професионален развој и професионална соработка
Потподрачје: Личен професионален развој
Тема:
- Личен и професионален развој на стручните соработници
Потподрачје: Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето
Тема:
- Развој на стручни и советодавни компетенции и професионална соработка.
6. ПОДРАЧЈЕ: Аналитичко-истражувачка работа
Потподрачје: Истражување на воспитно-образовната работа
Тема:
- Акциско истражување како основа за унапредување на воспитно-образовната работа
Потподрачје: Анализа и проценка на воспитно-образовната работа
Тема:
- Користење дигитални алатки за анализа, интерпретација и следење на податоци.
7. ПОДРАЧЈЕ: Училишна структура, организација и опкружување
Потподрачје: Безбедна училишна средина и демократско учество
Тема:
- Развој на позитивна, безбедна и инклузивна училишна средина
Потподрачје: Училишна структура и организација
Тема:
- Поддршка во развој на училишни политики и процедури.

II. ЗА СРЕДНИ УЧИЛИШТА
1. ПОДРАЧЈЕ: Работа со учениците
Потподрачје: Поддршка на учениците во учењето
Теми:
- Превенција и интервенција при ризични и проблематични однесувања
- Унапредување на благосостојбата и психо-социјалниот развој на учениците
Потподрачје: Кариерна ориентација на учениците
Тема:
- Напредна обука за методи, техники и инструменти за советување и кариерно насочување.
2. ПОДРАЧЈЕ: Работа со наставниците
Потподрачје: Поддршка на наставниците во работата со учениците
Теми:
- Поддршка на наставниците за различните потреби на учениците
- Поддршка во создавање позитивна социо-емоционална средина во училницата.
3. ПОДРАЧЈЕ: Работа со родителите
Потподрачје: Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите
Тема:
- Индивидуално и групно советување на родители за учењето, однесувањето и кариерниот развој на учениците
Потподрачје: Едукација на родителите
Тема:
- Поддршка на родителите за превенција и справување со насилство и дигитални ризици.
4. ПОДРАЧЈЕ: Соработка со заедницата
Потподрачје: Соработка со стручни институции и организации

Тема:
- Вмрежување со институции и организации од локалната заедница.
5. ПОДРАЧЈЕ: Професионален развој и професионална соработка
Потподрачје: Личен професионален развој
Тема:
- Личен и професионален развој на стручните соработници
Потподрачје: Поддршка на професионалниот развој во училиштето
Тема:
- Развој на стручни и советодавни компетенции.
6. ПОДРАЧЈЕ: Аналитичко-истражувачка работа
Потподрачје: Истражување на воспитно-образовната работа
Тема:
- Акциско истражување како основа за унапредување на воспитно-образовната работа
Потподрачје: Анализа и проценка на воспитно-образовната работа
Тема:
- Користење дигитални алатки за анализа, интерпретација и следење на податоци.
7. ПОДРАЧЈЕ: Училишна структура, организација и опкружување
Потподрачје: Безбедна училишна средина и демократско учество
Тема:
- Развој на позитивна, безбедна и инклузивна училишна средина
Потподрачје: Училишна структура и организација
- Поддршка во развој на училишни политики и процедури.

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-2540/1
11 февруари 2026 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска,** с.р.